**20080320490**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 од Законот за упатување лица во меѓународни мисии и во меѓународни организации (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.03.2008 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ МЕЃУРЕСОРСКА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА ЗА УПАТУВАЊЕ ЛИЦА ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИ МИСИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗА УПАТУВАЊЕ НА ЛИЦА ВО МЕЃУНАРОДНИ МИСИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Со оваа одлука се формира Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување лица од Република Македонија во меѓународни мисии и меѓународни организации и за упатување на лица во меѓународни мисии и меѓународни организации.

Член 2

Меѓуресорската комисија е составена од претседател, 12 членови и 12 заменици на членовите на комисијата.

Член 3

За претседател на Меѓуресорската комисија се именува Зоран Петров, заменик на министерот за надворешни работи.

Член 4

За членови на Меѓуресорската комисија се именуваат:
- Светлана Гелева од Министерството за надворешни работи;
- Апостол Стојановски од Министерството за внатрешни работи;
- Јордан Стојанов од Министерството за одбрана;
- Снежана Мојсова од Министерството за правда,
- Тоше Пановски од Министерството за финансии;
- Јадранка Иванова од Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Исамедин Азизи од Министерството за образование и наука;
- Елмаз Малиќи од Министерството за локална самоуправа;
- Габриела Мицевска од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Ана Ангеловска од Секретаријат за европски прашања;
- Љупче Петроски од Дирекцијата за заштита и спасување и
- Олгица Ѓореска од Центарот за управување со кризи.

Член 5

За заменици на членовите на Меѓуресорската комисија се именуваат:
- Агнеза Руси од Министерството за надворешни работи;
- Горанчо Савовски од Министерството за внатрешни работи;
- Соња Бајдеска од Министерството за одбрана;
- Тања Кикерекова од Министерството за правда;
- Фани Коровешовска од Министерството за финансии;
- Гордана Кожухарова од Министерството за животна средина и просторно планирање;